**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Првото продолжениeто на Триесет и четвртата седница**
**на Собранието на**
**Република Македонија**
**одржана на 4 февруари 2000 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 11,50 часот.

Со седницата продолжи да раководи г. Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, продолжуваме со работа по триесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Извинување поради болест имаме единствено од страна на г. пратеник Владо Сугаревски.

Ве молам да го вклучиме системот, за да видиме колку сме присутни во салата.

Моментално во салата се присутни 69 пратеници.

Според тоа констатирам дека имаме кворум и Собранието може полноправно да одлучува.

Ние вчерашната седница ја прекинавме кога дојдовме да гласаме за Предлогот на резолуцијата за односот и улогата на Република Македонија во Пактот за стабилност во Југоисточна Европа.

Ве молам да гласаме за Предлогот на Резолуцијата.

77 пратеници гласаа "за", воздржани нема, против нема.

Значи една од ретките седници каде што констатираме дека Резолуцијата... (Аплауз).

Собранието ја донесе едногласно Резолуцијата за односот и улогата на Република Македонија во Пактот за стабилност во Југоисточна Европа.

Минуваме на точката 5.

Предлог на закон за инвестициони фондови.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам дали претставникот на Владата, г. заменик министер за финансии сака да даде воведен збор во врска со Предлогот на законот.

Повелете. Има збор г. Јордан Марковски.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ: (ПРИЛОГ)**

**И з л а г а њ е за Предлогот на законот за инвестициони фондови**

Почитуван претседател,

Почитувани пратеници, дами и господа.

Појавувањето на инвестиционите фондови претставува новина во финансиска структура на Република Македонија. Се побрзото приклучување на Републиката кон светските финансиски текови ја наложи потребата од прилагодување на постојните финансиски организации и формирање на нови, кои ќе бидат компатибилни со оние во развиените земји, кон кои се стреми и нашата земја. Со востановувањето на инвестиционите фондови ќе се овозможи и поголема конкурентност помеѓу постојните банкарско финансиски организации во Република Македонија, со тоа што ќе се овозможи формирање на нови финансиски институции кои ќе работат врз принципите на пазарната економија, со единствена цел да прибираат слободни парични средства од инвеститорите и потоа тие средства да ги инвестираат во различни финансиски инструменти (хартии од вредност, пари, девизи). Со донесувањето на Законот за инвестициони фондови ќе се овозможи и поголема транспарентност пред домашните и странските потенцијални инвеститори во поглед на донесувањето на инвестиционите одлуки, а истовремено ќе се овозможи и високо ниво на заштита на нивните вложувања.

Инвестиционите фондови се промовираат во Република Македонија како финансиски институции различни од постојните (банките, штедилниците, и сл.) кои имаат потенцијал да ја одиграат улогата на двигатели на пазарот на капитал. Во земјите со развиен пазар на капитал, каде што инвестиционите фондови постојат подолго време и постигнуваат значајни резултати во работењето, нивното постоење е еден од клучните фактори за успешниот развој на пазарот на капитал воопшто. Компаративните искуства потврдуваат дека и во земјите каде развојот на пазарот на капитал е во почетна фаза, како што е случај и со Република Македонија, воведувањето на инвестиционите фондови ќе значи развој на пазарот на капитал.

Воведувањето на инвестиционите фондови во Република Македонија ќе овозможи акумулирање на слободниот капитал, кој можеби никогаш не би се јавил на пазарот на капитал - пред се заштедите на малите инвеститори, кои на овој начин можат да се здружат и преку професионалното управување со здружените средства да се овозможи оплодување на капиталот. Воедно, со вложувањето на средствата во диверзифицирани портфолија на хартии од вредност се очекува да се оствари и диверзификација на ризикот при вложувањата, со што во голема мерка се зголемува сигурноста на инвестициите.

Содржински Законот ги уредува условите за основање инвестициони фондови (кои можат да бидат отворени и затворени, зависно од начинот на нивното основање и работа) и друштва за управување со инвестициони фондови (кои управуваат со инвестиционите фондови согласно статутот на фондот и одредбите на Законот). Воедно, Законот го уредува и начинот на нивното работење и контролата над работењето, како и работата на депозитните банки, чија основна улога е чување на имотот на фондот. Друштвото за управување со фондови и депозитната банка при извршувањето на своите обврски мораат да делуваат независно и исклучиво во интерес на сопствениците на удели и акции во фондовите, зависно дали фондовите се од отворен или затворен тип.

Работењето на инвестиционите фондови е регулирана и контролирана дејност во сите земји каде што истите функционираат. Со Законот се предлага регулативната функција во работењето на инвестиционите фондови да ја врши Комисијата за хартии од вредност, која го контролира работењето на инвестиционите фондови, друштвата за управување со инвестиционите фондови и депозитните банки, во доменот на работењето на инвестиционите фондови. На овој начин, работењето на инвестиционите фондови станува едно од највисоко регулираните дејности во финансиски сектор.

Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 21 мај 1998 година го разгледа и го утврди текстот на Предлогот за донесување на закон за инвестициони фондови, и ја задолжи Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон, при што ќе се имаат предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија, кои се инкорпорирани во текстот на предложениот закон.

При подготвувањето на законот, користени се искуствата на развиените земји и извршена е широка консултација со експерти од САД и Велика Британија.

Исто така, сметам за потребно да напоменам дека предложениот закон за инвестициони фондови е усогласен со законските прописи и директивите на Европската унија.

Од сето ова произлегува потребата за усвојување на предлогот за донесување на законот за инвестициони фондови. Благодарам.

(Со седницата продолжи да раководи Иљјаз Халими).

**ИЉЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на заменикот министер за финансии г. Јордан Марковски.

За збор се јави г. пратеник Радомир Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, дами и господа пратеници.

Имаме еден предлог на закон кој што е една нова сфера и благодарам на заменикот министер за финансии, кој што ни појасни одредени работи.

Во име на пратеничката група на ДА сакаме да дадеме некои забелешки, направивме консултации со Министерството за финансии со оглед дека управувањето и контролата над инвестиционите фондови, кои што се предложени и целата оваа сфера ја регулира Законот за инвестициони фондови, ја има Комисијата за хартии од вредност. Бидејќи со сегашната законска регулатива Комисијата за хартии од вредност комплетно не е дефинирана во сите рамки, и формирани се од г. министер и заменикот министер за финансии дека е подготвен закон кој што ќе биде предложен во ова Собрание во најбрз можен рок - Закон за издавање и тргување со хартии од вредност. Нормално, во рамките на тој закон ќе биде дефиниран и статусот и работата на Комисијата за хартии од вредност.

Со оглед на тоа пратеничката група го поддржува законот, со тоа што даваме и два амандмани кои што се доставени пред почетокот на седницата до Службите, поради што јас молам тие амандмани на член 56 и член 59 бидат поделени до сите пратеници и до претставникот на Владата, како би можеле да се произнесат.

**ИЉЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Радомир Карангелески.

Молам кој друг бара збор. Никој.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани по член 4 став 1, член 6 став 5, член 7 ставови 1 и 3, член 10, член 14, член 19 ставови 2 и 5, член 31 став 3, член 38 став 3, член 43 став 2, член 52 став 5. член 57 став 2, член 58 став 2 и член 59 став 2.

Отварам претрес по амандманот на член 4 став 1 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Овој амандман Владата го прифати.

**ИЉЈАЗ ХАЛИМИ:**

Според тоа овој амандман станува составен дел на текстот на законот.

Отварам претрес по амандманот на член 6 став 5 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

И овој амандман Владата го прифаќа.

**ИЉЈАЗ ХАЛИМИ:**

Според тоа овој амандман станува составен дел на текстот на законот.

Отварам претрес по амандманот на член 7 ставови 1 и 3 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Овој амандман Владата го прифати.

**ИЉЈАЗ ХАЛИМИ:**

Според тоа овој амандман станува составен дел на текстот на законот.

Отварам претрес по амандманот на член 10 поднесен од Законодавно -правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Се прифаќа.

**ИЉЈАЗ ХАЛИМИ:**

Според тоа овој амандман станува составен дел на текстот на законот.

Отварам претрес по амандманот на член 14 поднесен од Законодавно -правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Се прифаќа.

**ИЉЈАЗ ХАЛИМИ:**

Според тоа и овој амандман станува составен дел на текстот на законот.

Отварам претрес по амандманот на член 19 ставови 2 и 5 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Се прифаќа.

**ИЉЈАЗ ХАЛИМИ:**

Според тоа и овој амандман станува составен дел на текстот на законот.

Отварам претрес по амандманот на член 31 став 3 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Се прифаќа.

**ИЉЈАЗ ХАЛИМИ:**

Според тоа овој и амандман станува составен дел на текстот на законот.

Отварам претрес по амандманот на член 38 став 3 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЉЈАЗ ХАЛИМИ:**

Според тоа и овој амандман станува составен дел на текстот на законот.

Отварам претрес по амандманот на член 43 став 2 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ИЉЈАЗ ХАЛИМИ:**

Според тоа и овој амандман станува составен дел на текстот на законот.

Отварам претрес по амандманот на член 52 став 5 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

И овој амандман Владата го прифати.

**ИЉЈАЗ ХАЛИМИ:**

Според тоа и овој амандман станува составен дел на текстот на законот.

Отварам претрес по амандманот на член 57 став 2 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Се прифаќа.

**ИЉЈАЗ ХАЛИМИ:**

Според тоа и овој амандман станува составен дел на текстот на законот.

Отварам претрес по амандманот на член 58 став 2 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Се прифаќа.

**ИЉЈАЗ ХАЛИМИ:**

Според тоа и овој амандман станува составен дел на текстот на законот.

Отварам претрес по амандманот на член 59 став 2 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Се прифаќа.

**ИЉЈАЗ ХАЛИМИ:**

Според тоа и овој амандман станува составен дел на текстот на законот.

Пратеникот Радомир Карангелески најави дека има поднесено амандман во врска со оваа точка, па бидејќи амандманот се уште не е пристигнат, давам пауза од 10 минути, додека амандманот да се подели.

(Пауза од 12,10 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,50 часот).

**ИЉЈАЗ ХАЛИМИ:**

Почитувани пратеници, продолжуваме со работа.

Пратеникот Радомир Карангелески поднесе амандман на член 56 став 3 за додавање нова точка 5 и на член 59 став 1 за менување на точка 21 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 56 став 3 за додавање нова точка 5 поднесен од пратеникот Радомир Карангелески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Јордан Марковски, заменик министер за финансии.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ИЉЈАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 59 став 1 за менување на точка 21, поднесен од пратеникот Радомир Карангелески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Јордан Маркоски, заменик министер за финансии.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ИЉЈАЗ ХАЉИМИ:**

Бидејќи Владата не го прифаќа овој амандман, дали предлагачот на амандманот има нешто да додаде или некој друг да бара збор?

Збор побара г-динот Радомир Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Бидејќи го погледнавме заедно со претставниците на Министерството за финансии, предложениот амандман за точката 21 е содржан во преамбулата на членот, според тоа амандманот го повлекувам.

**ИЉЈАЗ ХАЛИМИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Процедурално побара збор пратеникот Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, Комисијата за финансирање и буџет во својот Извештај што Ви е доставен, на страница 3, заедно со заклучокот за донесување на Законот, предлага Собранието да го донесе и заклучокот во став 1 на страна 3 што е предложен од Комисијата. Тоа е дека Собранието ја задолжува Владата на РМ, односно Министерството за финансии во рок од еден месец по истекот на 6 месеци од примена на Законот да изготви и на Комисијата за финансирање и буџет да и достави информација за ефектите и слабостите на овој закон, со цел навремено отстранување на евентуалните негови слабости.

Со оглед дека беше елаборирано во Извештајот е напишано, да не го актуелизираме повторно, се среќаваме со сосема нов институт во нашето финансиско работење, непознат на досегашната стварност во Македонија, со оглед дека се работи за собирање на парични средства од страна на ново формирани институции, можност за не соодветни законски решенија што во праксата ќе се покажат поинакви, недоследни или евентуално како праксата ќе се одвива, во врска со висината на оснивачките влогови до 2 милиони долари или марки, Комисијата го предлага овој заклучок како составен дел на заклучокот на Собранието и Ве молам да го ставите и него на гласање заедно со заклучокот што го предложивте.

**ИЉЈАЗ ХАЛИМИ:**

Почитуван пратеник Поповски ние водевме расправа по амандманите. Сега, што се однесува до Извештајот треба Владата исто така да се произнесе.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Не се работи за амандман на текстот на Законот, туку Комисијата предлага Собранието да донесе два заклучоци. Едниот е да го донесе законот за инвестициони фондови. Вториот, Собранието, по повод донесувањето на Законот да донесе заклучок со кој ќе ја задолжи Владата во рок, после истекот на шест месеци«од важноста на законот, тоа значи некаде во септември, во рок од еден месец да изготви информација за тоа како законот се спроведува и какви слабости произлегуваат од него. Таа информација да ја достави на Комисијата за финансирање и буџет за да се согледаат евентуалните слабости од новиот финансиски институт и инструмент што се воведува во Македонија, инвестиционите фондови.

Молам, тој заклучок да се гласа, со цел Собранието да ја задолжи Владата да го спроведе тој заклучок.

Јас не реагирав навреме затоа што извештајот е доставен писмено и мислев дека ќе го имате тоа предвид.

**ИЉЈАЗ ХАЛИМИ:**

Го слушнавме пратеникот Никола Поповски и неговата интервенција, да постапиме како е и деловнички.

Ве молам да гласаме по овие заклучоци, за овие два заклучоци, тие што се предложени од Комисијата.

Прво треба да го усвоиме законот па после да ги усвоиме овие заклучоци.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 77 пратеници, за гласале 75, воздржани 2, против нема.

Констатирам дека Законот е усвоен.

По предлог на г-динот пратеник Никола Поповски на Собранието му предлагам, да го усвои заклучокот од Комисијата за финансирање и буџет кој гласи:

"Комисијата заклучи дека е потребно Владата на Република Македонија, односно Министерството за финансии, најдоцна во рок од еден месец по истекот на шест месеци од примената на законот да изготви и на Комисијата за финансирање и буџет и достави информација за ефектите и слабостите од овој закон, со цел за навремено отстранување на евентуалните слабости".

Ве молам, по овој предлог на Комисијата да се произнесеме да гласаме.

Гласале 81 пратеник., од кои за 64, воздржани 3, а против 14 пратеници.

Констатирам дека овие заклучоци се составен дел на законот.

Минуваме на точката шест - Предлог за донесување на закон за изменуваше на Законот за акцизите, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави г-динот пратеник Бузлевски Димитар.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, почитувани претставници на Владата.

Пратеничката група на СДСМ ќе биде против содржината на овој закон заради многу едноставната причина што, иако законот е краток по својата содржина, како таков е недоследен во однос на прифаќањето на ставовите на Уставниот суд.

Познато Ви е Вам дека овој состав на Парламентот, овој состав неколку пати интервенира во Законот за акцизи. Во првата интервенција, со донесувањето на измените на Законот за акцизи се воспостави принцип на пресметување на акцизи во апсолутен износ. Пред тоа, начинот на пресметување на акцизите беше во релативен износ што се додаваше на одредена основица што, во тогашните случаи, беше малопродажната цена. На сите ни е познато дека акцизите се јавна давачка. Познато ни е дека сите јавни давачки се регулираат со законски акти и како такви, се во надлежност на Собранието на Република Македонија.

Во следната измена на Законот што беше и предмет на уставната постапка, во членот 10-а од тогаш донесениот Закон што е оспорен од Уставниот суд и заради чие што оспорување денеска расправаме повторно за измена на Законот за акцизи, во членот 10-а надлежноста на утврдување на акцизите на нафтените деривати Законот ја пренесе на Владата. Самиот факт дека тоа е направено и тогаш во расправата беше за тоа укажано, дека таквата содржина на тој Закон за изменување на Законот за акцизи е неуставна и дека при евентуално претпоставка пред Уставниот суд ќе значи прогласување на тие одредби за неуставни. Тоа и се случи.

Заради тоа, Владата предлага и овој пат измени на Законот за акцизи, со тенденција да ги надмине тие уставни пречки за важноста на законот што претходно беше донесен, но тоа го прави на недоследен начин.

Заради што ја прави недоследноста на овие законски одредби, кои што евентуално и во следна прилика, ако се покрене постапка пред Уставниот суд, на мислење сме дека ќе бидат оспорени од Уставниот суд.

Законот интервенира, сосема кратко, во членот 10, во ставот 2, меѓутоа, содржината на членот 10 од Законот за акцизи, во другите ставови е непроменет. Во содржината на членот 10 од Законот, кој што и со овие измени, бидејќи се менува членот 2, ќе продолжат да важат има одредби што ја регулираат производната рафинериска цена и излезната рефинериска цена. Производната рафинериска цена е цената на прагот на производителот, а излезната рафинериска цена е цената на прагот односно производната цена плус акцизата. И, во содржината на тој став што ја регулира излезната рафинериска цена и понатаму стои надлежноста на Владата за утврдување на висината на излезната рафинериска цена.

И покрај некои објаснувања што би уследиле на овие мои констатации, во смисла на тоа дека на крајот на пресметковниот период, дали тоа ќе биде полугодишен или годишен пресметковен период, во апсолутен износ останува обврската на производителот да уплати, зависно од дериват, еве, да речеме М-86 22,50, во апсолутен износ. Тоа значи дека Владата за секој ден ќе пресметува на 15 дена ќе се уплаќаат тие придонеси, ќе се пегла тоа во текот на годината, за на крајот на годината да се направи конечна пресметка, да се види колку е уплатено. Ако е анд 22,40 уплатено да се поврати на тој што уплатил, ако е под тој апсолутен износ да се доплати.

Мене ми е јасно дека ова се прави да се одбегне поместувањето на цената на нафтените деривати секои 15 дена, што во пракса се покажа како лошо, со оглед на тоа што Владата, во овој парламентарен состав, значи од конституирање на овој Парламент, на неколку пати ја измени цената на нафтените деривати. првиот пат како новогодишна честитка, доста популистички тоа го направи, со тоа што ја намали цената, без основ, заради политички маркетинг дека дошла и таква Влада што намалува цена на деривати, но за кратко време ги промени тие односи кон цените, донесе методологија за пресметка на цените и мораше во првите наврати, при првите промени, да ја измени

излезната рафинериска цена со тоа што ги намали акцизите и со тоа го намали приходот во Буџетот по основ на акцизи од нафтени деривати и евидентно е, ако се погледне приходната страна на Буџетот, дека по тој основ се остварени помалку средства како приход на Буџетот од акцизи или остварените средства се 92,6% во однос на планираните.

Тоа значи дека Владата се определи да не трпи производителот ОКТА загуби, да на товар на Буџетот ги прифати тие износи како товар, кој што ќе се распредели по други основи на граѓаните во интерес на ОКТА.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:** (Продолжение)

Следните поместувања на цените беа исто така нагоре и во овој момент имаме цена на нафтени деривати која што е утврдена со методологијата и која што ако Владата е свесна, не се донесе овој закон, мора да трпи промени на секои 15 дена, со оглед на тоа што таква е обврската во методологијата. Но, за тоа малку подоцна.

Сега сакам да го кажам следното. Очигледно е дека двете стапала на Владата во овој случај се во еден чевел пикнати. Очигледно е дека Владата сака и предлага и Парламентот двете нозе да ги пикне во еден чевел, затоа што не наведува и овој пат како и претходниот пат да донесеме неуставен закон, неуставни измени на Основниот закон и со тоа Парламентот да го стави и овој пат во подредена улога. Затоа што јас ги гледав заклучоците, или извештајот на ЗПК во јули, а го гледав и Извештајот на ЗПК и сега кој што го прати овој закон во кој што извештај кажува дека има уставен основ за носење на законот во јули и овој закон. Гледате дека со самиот факт дека тој е оспорен пред Уставниот суд, господо од ЗПК, кои што предложивте тогаш на Парламентот дека има уставен основ, нема уставен основ.

Еве, се оспорува законот. Истата содржина ја предлагаат и сега. Јас сум сигурен дека ќе се најде некој кој што ќе покрене постапка пред Уставниот суд и дека повторно ќе биде актуелизирана содржината на овој закон и дека многу е веројатно Уставниот суд повторно да заземе став како претходниот пат. Но, да не прејудицирам идна одлука на Уставниот суд. Да се навратам на потребата која што ја има Владата, која што ја налага над Парламентот за да се донесе ваков закон. Затоа што многу дискутиравме кога се носеше Законот за ратификација на Договорот за купопродажба на акции и концесии на ОКТА.

И во таа прилика кажавме доста работи кои што тој Договор ги содржи во својата содржина, а кои што се најблаго кажано уставно проблематични. Кажавме во таа прилика дека одредени членови на тој Договор ги суспендираат законите во РМ, вклучувајќи го и највисокиот законски акт, Уставот на Република Македонија.

Во изјавите на експертите кои што го составуваа тој Договор, тогаш кажаа дека ако и еден член од Договорот биде уставно проблематичен, не знам што ќе стане со дипломите на тие доктори. Видовме што стана со нивните дипломи. Тие и покрај тоа што се оспори содржина на закон кое што произлегува од содржината на Договорот, таквиот правник стана министер во Влада. Тоа е јасно. Значи наместо да имаме повлекување во однос на претходно искажана констатација околу цврстината на правно изградениот став во врска со содржината на Договорот, во овој случај имаме наградување за така сочинетиот договор кој што е проблематичен по многу основи. Но, јас во оваа прилика го проблематизирам само по основ на одредбите од тој Договор, кои што диктираат носење на ваков закон. И за да бидам конкретен ќе се осврнам малку на одредбите од Договорот кои што ја принудуваат Владата да предложи вакви одредби, кои што се надевам дека посебно ќе ги цениме во оваа прилика за да повторно не погрешиме и во оваа прилика.

Во член 9 од Договорот кој што ние со закон го ратификувавме под точка а) стои дека, во текот на периодот меѓу секое приспособување на цената екс Рафинерија за секој дериватен производ во рамки на опфатените производи, износот на акцизи кои компанијата и ги должи на државата, ќе се пресметува како вкупен збир од разликата за секој од тие денови во рамки на тој период и излезна цена пресметана како збир на акцизи и цена екс Рафинерија во согласност со дефиницијата предвидена погоре и приспособена цена екс Рафинерија. Тоа е во основа она што го правеше Владата за да го убеди грчкиот партнер за да влезе во ОКТА. Но, многу е проблематична понатамошната содржина на оваа точка а) од член 9, која што кажува дека без оглед на било кои спротивни правни прописи на компанијата со Договорот и се дава изрично овластување за пресметување на таква приспособена цена екс рафинерија врз основа на анекс д). А анекс д) е методологија за формирање на цените на овој Договор. На двонеделна основа еднаш на секои 15 календарски денови и нејзината пресметка ќе биде конечна, значи пресметката на компанијата ќе биде конечна, освен ако има очигледна грешка.

Господа пратеници, ова е суштината на законот кој што се предлага. Законот се предлага заради заштита на сопственикот на ОКТА. Законот се предлага за да се бетонираат условите за работа на ОКТА, и по овој основ, иако има и многу други основи, да се потврди монополската положба на ОКТА и ОКТА да не се оштети во тековното работење. А кога зборувам за ОКТА, се надевам дека знаете дека мислам на Хелeник Петролеум, бидејќи ОКТА е во сопственост на Хеленик Петролеум. Тоа е суштината и ве молам да се надминеме себе си, да воспоставиме односи кои што ќе ја респектираат состојбата на граѓаните во РМ и првенствено да ги гледаме интересите на граѓаните во РМ, а во тие интереси да се обидеме да направиме законски рамки, во кои што ќе се вклопат производителите или правните субјекти кои што се занимаваат со оваа дејност, а која што дејност е од поширок интерес на граѓаните. Ние и тогаш кажавме и сега кажуваме дека доста одредби од Договорот еве, на ваков начин ќе се регулираат со закон, ќе бидат во интерес на сопственикот Хеленик Петролеум, ќе ја потврдуваат неговата монополска положба, а сето тоа ќе биде на штета на граѓаните.

Ова е едно мое согледување во однос на содржината на законот. На мислење сум дека сум со аргументи во однос на презентирање на моето согледување и во оваа прилика мислам дека ќе направиме грешка ако и овој пат изгласаме закон со ваква содржина. Јас предлагам со оглед на тоа што веќе Владата се определи цврсто да опстане на измените на Законот за додатна вредност, со кои што измени се регулира рокот на примена на тој закон во РМ, да го повлече овој закон, да ја погледне содржината на целиот закон за акцизи, бидејќи самото применување на Законот за додатна вредност има потреба од пре регулирање на Законот за акцизи, ако не се сака да се навлезе во една инфлаторна спирала, која што ќе биде погубна за македонската економија и за граѓаните во РМ.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Димитар Бузлески.

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави пратеникот Илјаз Сабриу.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Г-дине потпретседателе, почитувани пратеници, мислам дека на изглед имаме еден мал закон за измени и дополнувања на Законот за акцизи со Предлог на закон и тоа само од еден член, односно два члена, а вториот член вели: само членот 10 се брише. Но, во содржината и во суштината на тој закон по мене се работи за многу важна проблематика и мислам дека барем денеска од претставникот на Владата би сакал јас лично и пратениците да слушнеме нешто повеќе за оваа измена и дополнување, бидејќи по мене ми се чини дека Уставниот суд, односно Одлуката на Уставниот суд за укинување на одредбата каде Владата ја утврдуваше акцизата за нафтата и нафтените деривати, мислам дека едноставно е отидено само, практички тоа се брише "Владата", но не кажува кој ја утврдува акцизата. Ние и на комисија доста расправавме за оваа проблематика и морам да кажам дека јас лично не сум задоволен од образложенијата што ги добивме на комисија. Со оглед дека по член 68 од Уставот на РМ алинеја 2, или 3 каде пишува децидно дека Парламентот, односно Собранието ги утврдува јавните давачки. Бидејќи акцизата е јавна давачка утврдена од државата, ние мора да знаеме, односно потрошувачите, граѓаните и сите во државата треба да знаат колку е таа акциза. По овие измени и дополнувања ние не можеме тоа да го добиеме, а впрочем до сега беше практиката дека тоа Владата како оперативен орган ја менуваше на 15 дена, месечно итн., во зависност како се согледуваа состојбите во државата и одеше на измени и дополнувања на акцизата. Мислам дека исто така при вакво донесување на овој закон кој по мене е спротивен на Уставот, бидејќи не ја утврдува акцизата. Тука нешто пишува: тарифите, рафинериската цена, при што пропишаната акциза на тарифа број 1 за одделни нафтени деривати од точка 1, 2, 3 и 7 претставува просечен износ на акциза во даночниот период на годишно ниво. Како ќе ја утврдиме таа акциза на годишно ниво. Мислам дека сакајќи да избегнеме едно уставно решение, ние паѓаме во друга замка, неуставна, и мислам дека исто така овој закон доколку некој покрене постапка, што беше и претходно кажано, може пак да падне пред Уставен суд. За мене мислам дека треба ние да ја утврдиме таа акциза во проценти, или во апсолутен износ и така тоа треба граѓаните да бидат во рамноправна положба во секој период од годината, односно за цела оваа година. Инаку не гледам решение доколку може има некој, ако Владата ва тоа мисли исто така треба да ни каже дека на 15 дена, месечно, ќе ни каже да го измениме Законот за акцизи, членот тој и тој се менува и гласи: акцизата наместо толку, 10, 15, 20, зависно како тоа ќе се движи во рамките на целата година. Или пак да не мислиме лошо, но мора да кажеме, она што и јас го кажав

при донесување на Законот за продажба на ОКТА дека на 15 дневно ќе оди усогласување на цената на нафтата и на нафтени деривати од страна на овој производител. Да не е сега на мала врата или преку капиџик да одиме и на вакви решенија сега тој монопол во државата што продадовме на таа грчка фирма, а читаме денеска и пред неколку дена што може таму да се случи со тие банки околу Кипар, со оваа фирма итн., да не влеземе во некои други нечисти води и со законски решенија ние како народни избраници.

Затоа предлагам доколку Владата нема соодветно решение подобро е да го повлече законот и да понуди на Парламентот еден добар закон кој ќе биде во рамките на Уставот, навистина за да знаеме за што и колку ќе биде таа годишна акциза, бидејќи реков дека ние сме единствени по Уставот, Парламентот, односно Собранието е надлежно да ги утврдува јавните давачки во текот на една година. Мислам дека од она што во Комисијата се кажа, а и од образложението не може да се добие јасна слика што сака да се постигне со оваа измена и дополнување на Законот за акцизи.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата и колеги, јас во основа не знам дали би имал дополнителна аргументација од оваа која колегите Сабриу и Бузлевски ја изнесоа, во врска со судбината на овој закон. Упорното на некој начин молчење од страна на Владата на седница на Собрание само за мене лично го потврдува фактот дека, во овој случај имаме закон кој не треба да биде донесен. Мислам дека едноставно без да се повикува Владата да ја соопшти спротивната аргументација, оваа аргументација која што беше соопштена на седницава од двајцата колеги е доволна законот да не се донесе. Она што дополнително сакам да го кажам е следново, дека овој закон сега е последица на една, по мое сосема не соодветна политика во доменот на нафтената политика на РМ, во последнава година почнувајќи од договорите кои се склучија со ОКТА и продолжувајќи со начинот на кој продолжија да се наплаќаат акцизите во последнава година или земено заедно. Мислам дека сосема е видливо во целата држава дека една прилично стабилна макроекономска состојба и движење на инфлацијата која се движи во рамките од плус - минус 2% во последниве 12 месеци, движењето на нафтените деривати е во дијапазонот од плус - минус 15%. Значи, едно целосно дисхармонично движење на цената на нафтените деривати во однос на вкупното движење на цените во РМ, имајќи го предвид и стабилниот курс. Мислам дека тоа не се должи само на така лесно дадените квалификации, дека е тоа причина светската цена на нафтата. Напротив мислам дека се должи на една се уште не најдена политика на Владата во однос на нафтените деривати и нафтената политика во Македонија. Па дури дозволете да кажам, иако може ќе звучи грубо, доведување на РМ во ситуација на зависност на својата ценовна политика и пошироко нафтена политика од фактори кои се апсолутно надвор од РМ. Причини за кои Владата се доведе во тоа, мислам се елаборирани и не треба да одине понатаму.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Нема да излезам надвор од темата ако укажам дека само пред еден час ова Собрание донесе Резолуција за нашиот однос кон Пактот за стабилност или поинаку кажано за нашиот пат по кој идните 15 години ќе се движи кон ЕУ. Сакам да резонирам дека таквите резолуции на никого ништо нема да му помогнат, меѓутоа, она што може да ни помогне е секој поединечен закон, ако сакаме да ја спроведуваме таа Резолуција секој поединечен закон да го направиме да биде во рамките на Уставот и да биде хармоничен со Европското законодавство. Ние сега донесовме една Резолуција, во која точката 6 беше дека ние ќе го хармонизираме нашето законодавство, а веќе вториот закон после таа Резолуција веднаш го донесуваме како закон кој не е во согласност со Европското законодавство, така што само палијативни, паушални и вербални остануваат нашите квалификации понатаму, затоа што веќе по првиот закон наоѓаме свои поинакви причини да се однесуваме така како што се однесуваме.

Овој закон сега се донесува во Собранието под притисок на Уставниот суд, кој ја укина одредбата од претходниот Закон. Не е никаква тајна, тоа е јавно познато дека Уставниот суд го укина на предлог на СДСМ. Значи, ние и тогаш укажавме дека тој закон е неуставен, поднесовме поднесок до Уставниот суд и Уставниот суд го уважи тоа дека тие измени на законот не се во согласност со Уставот и го укина.

Она што сега се случува, нека ми биде дозволено да кажам дека личи на една сосема непотребна инаетливост од страна на Владата, а имам чувство дека ќе се префрли и во Парламентот, Парламентот и Владата

сега, наспроти Уставниот суд кој оцени дека овој Закон е неуставен, инаетливо ќе оди до крај и повторно ќе го донесе на сила и од осмиот ден откако ќе се објави овој, ви за ви одлуката на Уставниот суд, ќе продолжи да си ги утврдува акцизите наспроти Уставот, по свое видување. Тоа значи во нашиот политички систем сега воведува една нова пракса, дека Уставниот суд секогаш кога ќе укине некој закон ние можеме повторно да го донесеме во Собранието и додека не донесат нова одлука за новиот закон ќе го спроведеме идните два - три месеци и после повторно ќе брцнеме во очи со нов закон.

Мислам дека тоа е едно не соодветно однесување и треба да ги надминеме обврските кои се презеле, а се спротивни на Уставот со некои претпријатија кои не се во сопственост на Владата и да ја усогласиме нашата политика во согласност со Уставот во оваа сфера.

Останува отворено прашањето кој ќе ја утврдува акцизата на овој закон во наредниот период. Овде во Законот како сега што се предлага се вели дека акцизата се утврдува периодично. Акцизата е јавна давачка, која според Уставот единствено Собранието ја утврдува. Собранието ја утврдуваше како процентуален износ на мало продажната цена, но Владата незнам од кои причини, мислам по грешка, ја промени со апсолутен износ, воведе во тарифата на акцизите во тарифен број 1 фиксен износ во денари за секој дериват на нафтата. Сега тој дериват не може така да функционира после продавањето на ОКТА, се бараат концесии од страна на новите сопственици и Владата се доведува во позиција да влезе во законска процедура по втор пат, наспроти Уставниот суд, на утврдување на закон, со кој таа ќе го стекне правото да утврдува акциза.

Иако на Комисија тоа беше соопштено, тука не гледаме реакција. Зборот "Влада" се испушта, меѓутоа, останува зборот дека акцизата се утврдува периодично. Кој ќе ја утврди? Според Уставот, Собранието на РМ утврдува акциза и никој друг. Уставниот суд тоа веќе го потврди. Кој ќе ја утврди оваа акциза, кој ќе ја објави одлуката во "Службен весник", кој ќе ја потпише? Министерот за финансии е неовластен, Владата е неовластена, било кој друг орган е неовластен. Веројатно не мислите дека врз основа на Законот Собранието на РМ на секои 15 дена ќе донесува одлука за да утврдува периодично акцизата како ќе звучи, како ќе изгледа?

Мислам дека Владата, повторно ќе кажам сосема наспроти резолуцијата која пред малку ја усвоивме, влегува во игра, наспроти нејзините овластувања да си утврдува јавни давачки и мислам дека е на штета на граѓаните.

Сегашната законска регулатива, на пример за моторниот бензин од 86 октави укажува дека акцизата е 22,544 денари по литар. Таков закон усвои Собранието. Во моментот се наплатува акциза 25,299 денари, значи разлика од приближно три денари наспроти Законот на РМ. Владата на секој литар наплаќа по три денари акциза повеќе по своја одлука. Таа неуставна одлука сега ни ја подметнува со истиот Закон, наместо Владата, ќе ја објави во "Службен весник" незнае кој. Тоа како отворено прашање и го поставувам. Таа периодична акциза кој ќе ја утврди и објави во "Службен весник" и со потпис или фантомски сама ќе се објавува или ќе лебди во воздухот дека е толку.

Мислам дека Собранието во овој случај, кога веќе Владата комплетно заглави во последнава една година со погрешна нафтена политика во РМ, го доведува половината енергетски биланс во РМ во ценовниот механизам на кој енергетски биланс да се практикуваат механизми, кои не се соодветни на Уставот, мислам дека би било фер кога веќе Владата не го повлекува Законот, кога не поминаа амандманите само да се избрише членот кој е оспорен на Уставен суд и да си остане по старо и кога очигледно Владата инаетливо инсистира, наспроти здравата логика, Уставот, Уставниот суд и некои норми, иако знам дека не може со никаква или барем со мала логика на однесувањето ова да вроди, Собранието да не го донесе овој закон, затоа што другото што ќе следува откако ќе се донесе овој закон, не е ни претпоставка ни со 99% дека Уставниот суд ќе го укине. Едноставно претпоставката е 100%, овој закон ќе се донесе, ќе го оспориме многу брзо и многу брзо повторно ќе се врати во Собранието на разгледување. Мислам дека, тоа е една кружна игра во која сме се фатиле инаетливо да играме. Најлогично ќе биде и покрај се, овој закон да не се донесе сега вака како што е, да си го повлече Владата или да го прифати амандманот и може веднаш да се донесе дека само се укинува член 10-а врз основа на Одлуката на Уставниот суд и ништо повеќе. Сето друго мислам дека е сосема анахроно однесување на овој Парламент, ви за ви Уставот на РМ.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на г-динот Никола Поповски.

Дали некој друг бара збор?

Претставникот на Владата, заменикот министер за финансии г-динот Јордан Марковски бара збор.

Се извинувам, пратеникот Лазар Китановски бара збор и ако се согласува претставникот на Владата, да му дадеме збор прво на пратеникот, а потоа на претставникот на Владата.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Нема да кажам ништо ново, меѓутоа, би замолил сепак за една работа.

Разбирам дека во политиката можеби има борба на интереси, знаеме како се случи сето тоа со ОКТА, меѓутоа не можеме да паднеме под некакво достоинство на овој Парламент. Овде има многу правници. Ќе биде навистина една неполитичка правна брука на овој Парламент, да постои закон во кој не се знае субјектот, кој преземал одредени дејствија. Тоа е нешто незамисливо во правото. Овде има пратеници и некои професори се, добри адвокати, добри правници од сите пратенички групи. Досега се јавуваа за многу теми, значајни и незначајни, меѓутоа, ако помине оваа формулација навистина мислам дека сите ние правниците треба да се засрамиме каков закон донесуваме, без разлика на која партија припаѓаме. Не случајно, правниот систем треба да претставува една складна целина, не случајно постојат одредби од уставен карактер, одредби од законски карактер. Сето тоа се прави за да постои сигурност на делувањето на еден политички систем, во сферите што се конкретно опфатени со овој Закон.

Затоа, би апелирал Владата да го повлече овој закон, да не запаѓа од една во друга грешка. Тоа е првиот аспект.

И вториот аспект, играње мачка и глушец со Уставниот суд не е добро за сликата која сакаме да ја создадеме за РМ, како една Европска држава. Ова значи дека ние после секое оспорување на Уставниот суд, ќе ја измениме, ќе ставиме друга формулација, дури оваа која за мене како правник е една засрамувачка формулација, нелогична, апсурдна, немате субјект. Тоа може да оди во недоглед. Тоа ќе даде многу лоша слика за РМ, за овој Парламент, за Владата за државата во целина.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Лазар Китановски.

Има збор заменикот министер за финансии Јордан Марковски.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Сакам да дадам неколку мои видувања, односно видувања на Владата околу понудениот текст на законот, однапред убеден дека веројатно нема да ги задоволам очекувањата на сите претходни дискутанти кои нагласено сугерираа Владата да го повлече овој закон или Владата да го одложи или Владата молчи и т.н. Владата ако има намера да го повлече овој закон, немаше и да го понуди.

Овој закон за изменување на Законот на акцизи, секако дека е сугериран по повод Одлуката на Уставниот суд. Владата се обиде да обезбеди содржина на законот по однос на утврдувањето и висината на акцизниот товар на дериватите на нафта, во согласност со другите прописи и во согласност со утврдената методологија кај производителот, односно увозникот на деривати на нафта. Секој пат, секој фискален систем и конкретни материјални закони од тој дел настојуваат да бидат децидни, јасни, транспарентни, утврдените обврски од едноставна причина, а таа е потрошувачите на чиј товар и на чиј грб паѓа даночниот промет, да знаат со кој дел свои средства ја финансираат својата држава и второ, даночните обврзници на кои им е обврска да го засметаат даночниот товар, во случајот акцизите да го наплатат од потрошувачите и да го проследат во државната каса, да им биде јасен начинот и методологијата, висината, стапките и т.н. на пресметување на утврдување на наплата и уплата на тие парични средства. Секој пат кога се утврдува даночниот товар, тој може да биде изразен во проценти, може да биде изразен во апсолутни износи, може да биде и комбинација меѓу едно и друго. Во случајот, Владата која со претходната одредба која е укината од страна на Уставниот суд, си даде право да ја утврдува акцизата, сега се воздржува од тоа и наоѓа едно компромисно решение, за кое е убедена дека е засновано на Устав, бидејќи се работи за разлика меѓу една и друга категорија, а се знае кој е тој што дефинитивно периодично го утврдува и го уплатува наплатениот даночен товар, тоа е даночниот обврзник.

Не би сакал да се осврнувам на оној дел од дискутантите кои, користејќи го овој понуден закон за изменување на Законот за акцизи, беше користен и за коментари и дискусија кои навлегуваа во оној другиот дел, односно во регулативата на договорот со ОКТА. Еве неколку видувања и во однос на условеноста на евентуалното повлекување на овој закон со Законот за додадена вредност, кој ќе се имплементира од 1 април оваа година.

Сакам да потсетам на една голема специфичност што се практикува кај нас и што е и нормативно така регулирана, кога се во прашање акцизите, а во услови на

практикување на данок на додадена вредност. Таа специфичност се состои во тоа што ние сме единствена држава во која акцизните производи се товарат само со акцизи и понатаму се ослободени од пресметување на данок на промет на производи и услуги. Бидејќи данокот на додадена вредност е само еден модел на оданочување на потрошувачката и тој дефакто ќе го замени сегашниот данок на промет на производи и услуги, но тој нов модел императивно налага оданочување и на акцизните производи, се поставува прашање односно прашањето на евентуалната корекција на Законот за акцизи, заради воведување на данокот на додадена вредност со многу поголема тежина. На тој проблем интензивно се размислува, се водат и консултации со меѓународни фактори и меѓу наши експерти за фискални системи, кои излезни решенија ќе бидат пронајдени токму заради тоа да се амортизираат евентуално инфлаторните дејствија до кои може да дојде, доколку со сегашните стапки на акцизните производи им биде на додадена и општата стапка од данокот на додадена вредност од 19%. Јас во овој момент не би сакал да коментирам.

Да не го користам трпението на почитуваните пратеници, тука би завршил, со тоа што не чувствувам потреба и спремност Владата да го повлече законот од процедура.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на заменикот министер за финансии Јордан Марковски за овие објаснувања.

За збор се јави пратеникот Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Работата е прилично јасна, не прилично туку апсолутно јасна, а се сака на еден многу нејасен начин или неубедлив начин да се протуркаат измени на законот, кои не се во согласност со Уставот. Тоа е совршено јасно. Мислам дека тоа му е јасно и на заменик министерот и на предлагачот и заради тоа слушаме вака неубедливи образложенија во одрана на она што се нуди.

Уставот не остава никаква дилема - беше дискутирано овде, јас не кажувам ништо ново туку повторувам - кој пропишува јавна давачка. Тоа е Собранието и таа мора да биде соопштена на недвосмислен начин, јасен начин, колкава е таа јавна давачка и кој ја плаќа таа јавна давачка. Во случајот овие измени тоа не постои и не останува ништо друго освен да се заклучи дека Владата се прави - еве, нека ми биде простено за употребениот термин - на удрена, бидејќи сепак независно што секој од нас мисли за оваа Влада, таа сепак не е толку удрена да не знае дека јавните давачки ги пропишува Парламентот, а сепак прави нешто друго со комбинација на зборови со кои наводно сака да го задоволи Уставниот суд, наводно да одговори на претходната одлука на Уставниот суд, а истовремено, се разбира, повторно да донесе одлука во корист на монополскиот субјект ОКТА во РМ.

Второ, овој пример покажува навистина како нов пример, ново насилие на Владата врз Уставот, а со тоа и врз правната држава и тоа, исто така, произлегува како недвосмислен заклучок од ова што се нуди.

Трето, и овој закон покажува колку Владата всушност ги има оштетено националните интереси со продажбата на ОКТА, не на Хеленик Петролеум, туку на начинот на кој што ја изврши таа продажба и условите кои што таа ги прифатила во тој Договор.

Четврто, и овој пример покажува дека ОКТА, всушност не ја плаќа Хеленик Петролеум, туку ја плаќаат граѓаните на Република Македонија. Граѓаните на Република Македонија ја плаќаат за да се оттуѓи на некој друг субјект, независно дали е Хеленик Петролеум или некој друг.

На овој начин штитите интереси на ОКТА врз грбот на потрошувачите, обезбедувајќи им против уставна, апсолутна и монополска положба, јас ве уверувам дека во ОКТА да се именува било која домаќинка за главен менаџер ОКТА ќе работи финансиски успешно. И, ако овие услови ОКТА ги имаше пред нејзината продажба, таа никогаш немаше да биде загубар, да биде на листата на загубарите, па заради тоа да мора да биде продадена на некој стратешки инвеститор. Било кој, нај неук менаџер во Република Македонија, дури и домаќинка, еве повторувам, иако звучи многу карикирано, ќе можеше успешно да ја раководи ОКТА под вакви услови заштитни, монополски, апсолутно монополски од страна на Владата.

Значи, македонските граѓани ги плаќаат сметките што треба да ги плати Хеленик Петролеум во процесот на нејзиното присвојување. Ова произлегува од сето ова што се случува. Еве, тоа е моето мислење и се разбира мислам дека овој закон не треба да биде поддржан, не треба да биде изгласан и Владата треба да прифати формулација јасна и недвосмислена, давачката да биде јасно утврдена од субјектот Парламент на Република Македонија, а на Владата по секој изминат период, во зависност од движењата на берзата да менува таа, всушност одлуки, директно, индиректно, тајно, отворено,

транспарентно, не транспарентно итн. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г. пратеник Гошев Петар.

Дали некој друг се јавува за збор?

Збор има пратеникот Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Еве, да речеме, дека јас не познавам право, а бидејќи Владата, веројатно се консултирала, го малам заменикот министер да ми објасни на говорница како ќе се спроведе овој член и на кој начин ќе се спроведе. Како ќе се утврдува периодично тоа што е запишано во овој член и кој ќе го прави, низ која процедура, како тоа ќе стапува на сила. Да добиеме слика, можеби ние не знаеме, да ни каже како ќе се реализира овој член, бидејќи Владата ќе треба да го реализира на некој начин. Претпоставувам Владата, затоа што избегнато е да се примени директно одлуката на Уставниот суд, а тоа е Собранието да го прави тоа. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Китановски Лазар.

Дали претставникот на Владата сака да земе збор.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Мислам дека барањето малку на погрешна адреса е упатено.

Второ, што сакам да кажам некои работи не се учат ат - хок, би требало сериозна основа на познавање во одредена област, за да можат некои работи да се сфатат. Меѓутоа, структурата на производите во прометот во Македонија, мислам дека единствено дериватите, нафтените деривати се под режимот на утврдување на малопродажни цени, со Одлука на Влада. Тоа е неспорно.

Исто така, уште еден производ и под некој сличен режим, тоа се цигарите, односно производите од тутун. Што се однесува на даночниот товар, исто така, овие два артикли, значи, дериватите од нафта и тутунските производи исцело се издвојуваат од методологијата на утврдувањето на даночниот товар. Имено, кога се работа за даночна основица, затоа што кај давачките секогаш имаме даночен обврзник. Како категорија го спомнав во мојот претходен настап, имаме даночна основица, па имаме стапка даночна, која може да биде во проценти, односно може да биде и во апсолутен износ или некоја комбинација. Но, во случајов за структурата на малопродажната цена, би требало извесни појаснувања да даде претставник, доколку е присутен од Министерството за трговија, затоа што јас ако се обидам тоа да го правам, веројатно некаде ќе згрешам. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на претставникот на Владата, заменик министер за финансии Јордан Марковски за овие одговори на поставените прашања од пратеникот Китановски Лазар.

Дали некој друг бара збор?

Збор има пратеникот Поповски Никола.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас само сакам да го потсетам г. Марковски, кој е заменик министер за финансии на две работи.

Прво, никој не ја тераше Владата акцизата на нафтените деривати да ја предлага во апсолутен износ во денари со Закон, како што направи минатата пролет и да почне да внесува дисторзија во системот. Кога веќе тоа го направи, мислам дека свесно сака да го изманипулира Парламентот, кога кажува дека цената со елементите во нафтените деривати ја утврдува Владата. Тоа е точно, со едно "ама". Тоа "ама" е овој закон. Сите елементи на малопродажна цена на моторните бензини ги утврдува Владата, освен акцизата како составен дел на малопродажната цена.

Значи, од сите елементи Владата ги утврдува, меѓутоа, акцизата ја утврдува овој Парламент. Е, тоа е тоа, за што разговараме. Ние не разговараме овде, ни за маржи, ни за рафинериски цени, ни за излезни цени, ни за превоз, ние разговараме за нашата парламентарна надлежност - акцизата. Во делот кој што тој го спомнува како структура која ја утврдува Владата со надлежност на закон, ќе ја утврдува секаде, освен каде што не смее, а тоа е акцизата. И, ние не расправаме за елементите за кои тој сега расправа, туку расправаме за елементот, кој согласно уставот го утврдува Собранието. За тоа расправаме. А, акцизата со овој закон се сака да ја утврди Владата. И, г. министер мислам дека повторно со оглед на неговото децениско искуство во овие работи кажува дека, се знае кој ќе ја пресмета акцизата, даночниот обврзник.

Меѓутоа, во членот вели "акцизата се утврдува" не вели се пресметува, се утврдува даночниот обврзник ќе ја пресмета акцизата врз основа на нејзиното утврдување од страна на Парламентот. Овој Парламент со закон утврдил дека акцизата во овој случај,

да речеме тој пример го земав, за 86 октанскиот моторен бензин е 22,544 денари.

Нека се објасни како во моментов 25 се наплаќаат акцизно, ви за ви Одлуката на овој Парламент со Закон и како во иднина ќе се утврдува периодично. Ќе си ја пресмета даночниот обврзник, кој ќе ја утврди? А, ќе се утврдува врз основа повторно на пресметки, кои ќе ги прави Владата врз основа на овој член кој го нуди сега, а кој отстапува од Уставот. Ние треба да ја утврдиме акцизата, а таа ќе си влезе во составниот дел на структурата на малопродажната вредност со елементите, кои ќе ги утврди Владата останати.

Мислам дека апсолутно нема потреба да се разговара, очигледно е дека овој спор помеѓу Парламентот и Владата ќе го разрешува Уставниот суд.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Поповски Никола.

За збор се јави пратеникот Бузлевски Димитар.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Мислам дека ќе се подели расположениеto во Парламентот дека настапите кои што ги имавме се добронамерни и дека укажувањата кои што ги дадовме се во интерес на отстранување на една идна сериозна ситуација во која што може да се најде Владата. Затоа што, од една страна, со оглед на тоа што акциза е јавна давачка и со оглед на тоа што таа е утврдена во апсолутен износ колку ќе изнесува, таа во исто време е обврска во тие износи да се прибере од даночниот обврзник или од обврзникот кој што треба да плати акцизи.

Од друга страна со Договорот, кој што е верифициран, ратифициран тука во Парламентот со анексот Д од Договорот. Владата исто така е обврзана и спрема други субјекти, во случајов, спрема Рафинерија да ги прилагодува цените, т.е. производната цена или како што во Договорот стои излезната екс рафинериска цена на движењата на светскиот пазар на суровата нафта.

Со оглед на тоа, а во една претпоставена ситуација дека движењата на светскиот пазар ќе бидат такви какви што се, меѓу време ќе се прибира тековно помал износ на акцизи, Владата ќе се најде во сериозна ситуација во поглед на исполнување на законската обврска за прибирање на акцизи како јавни давачки пропишани со закон. Затоа што, ако се смета дека во еден даден момент, некаде на крај на година, заради пеглање или заради изнаоѓање на излезно решение, ќе се интервенира во тарифата, а да не заборавиме дека тарифата е составен дел на Законот, секоја измена нема со Уставот ретроактивно дејство. И, во тој случај, мислам дека добронамерни се овие укажувања кои што ги даваме и дека постои и потреба да се доработи овој Закон да се осмисли неговата содржина, за да се избегне една претпоставена опасност до која сигурно ќе дојде. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Бузлевски Димитар.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за акцизите.

Ве молам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, за 51 пратеник, воздржани 2 и против 18 пратеници.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам, да гласаме.

Гласале 72 пратеници, за 55 пратеници, воздржани 3 и 14 пратеници гласале против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Законот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За Предлогот на законот гласале 69 пратеници, за 57 пратеници, воздржани 2 и 10 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на законот за акцизите.

Минуваме на точка 7 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Комисијата за здравство предлага на оваа седница да се разгледа само Предлогот за донесување на закон од причините наведени во извештајот.

Ве молам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, за 63 пратеници, воздржани 3, а против нема.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави министерот за здравство г. Драган Данаиловски.

**ДРАГАН ДАНАИЛОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани господа пратеници, почитувани колеги министри, ќе ми дозволите во неколку реченици да образложам зошто токму сега во овој период од годината излегуваме со Предлог за дополнување на постојниот Закон за здравствена заштита. Ќе рече некој, зошто не сме почекале уште малку, па да го донесеме новиот Закон за здравствена заштита, кој што ни е зацртан во нашата стратегија, во нашиот план за работа во текот на годинава.

Веднаш ќе Ви кажам, станува збор за еден императив такво нешто да се донесе. Предлог на текстот го имате сите и можете да видите дека станува збор за две содржини, за две определби во Законот.

Едната е постојните медицински центри да се поделат, мислам на оние во внатрешноста, односно од нив да се издвојат здравствените домови и аптеките, така што да се добијат три независни правни лица, со посебни жиро сметки, наместо како што беше досега во рамките на медицинските центри да бидат здравствените домови, како што е Прилеп, Битола и други, а исто така и аптеките беа во исти кош. Така што, на некој начин не се знаеше, ни кој пие, ни кој плаќа.

Што сакавме со тоа да постигнеме.

Прво, појдовме од претпоставката дека искуството со Заводите за здравствена заштита, кои на времето беа издвоени на сличен начин од медицинските центри, дека искуството со функционирањето на Заводите за здравствена заштита, кои што се 10 на број во Републиката, тие искуства се поволни. Превентивната медицина ни функционира, би рекол поволно, оптимално. Да не правам преголем маркетинг, меѓутоа, еве и последните случувања со грипот, односно поволната состојба со грипот, јас би рекол, во добра мера се должи на ефикасноста и стручноста и професионалното функционирање на тие Заводи. Меѓутоа има и друга позадина. Таа позадина е во тоа што само со поделба на ваков начин со издвојување на аптеките и Здравствените домови од Медицинските центри, при што би постоеле болници, домови, односно поликлинички установи и аптеки посебно. Само така би можело да се планира нешто со нив понатаму. Ќе кажам што би било тоа понатаму.

Зошто токму во овој период. Овој период оценивме дека е најповолен, затоа што токму по завршување на завршните сметки беше можно и е оптимално да се направат делбените биланси и точно да се определи, односно да се подели капиталот и опремата и персоналот. Тоа е околу образложениeто зошто токму сега и зошто токму со Предлог за измена и дополнување на Законот за здравствена заштита, а зошто не би почекале да донесеме нов закон. Ние нов закон ќе донесеме во следните неколку месеци. Меѓутоа и Комисијата на тоа интензивно работи. Во секој случај корисната физиономија на тој нов Закон за здравствена заштита ќе зависи во многу поголема мера и од искуствата што ќе се стекнат со имплементираните определби на овие дополнувања во постоечкиот Закон.

Што е идејата? Идејата е да се олесни, со таа поделба, со тоа расцепкување на постоечките здравствени организации во три одделни, да се олесни процесот или постапката при евентуална понатамошна приватизација на дел од аптеките, а дел пак што не би можеле да бидат приватизирани би се понудиле под закуп, па и тоа е прашање, дали ќе има интерес. Оние што не би се ниту продале ниту би биле земени под закуп, би останале под ингеренции на државата. Значи, да се олесни тој процес од една страна и од друга страна исто така по ефикасно и поедноставно да се изведе и втората замисла, а тоа е да се понудат под закуп делови од капацитетите на примарната здравствена заштита. Тоа е идејата.

**ДРАГАН ДАНАИЛОВСКИ:** (Продолжение)

Зошто пак сега таква идеја? Зошто одиме на тоа да ги продаваме, односно зошто сме замислиле дека е згодно да ги продаваме аптеките и зошто да ги даваме под закуп капацитетите, некои делови од примарната

здравствена заштита.

Не сакам да бидам здодевен, имам впечаток дека овде во салата фактички пола пратеници се присутни, веројатно тие што се присутни ќе имаат трпение да ме ислушаат, но навистина пред јавноста, барем, сум должен да кажам неколку зборови, неколку мисли гласно да искажам во правец на објаснување на таквиот потег. Конечно ако сакате и да разбиеме некои предрасуди, некои стравувања што владеат не само меѓу населението, туку и меѓу наши колеги. Многу наши колеги, верувајте, се, тука се обраќам на колегите доктори што се во Комисијата за здравство, тие го знаат тоа. Многу наши доктори се дури и во некоја паника дека ќе ги снајде нешто што за нив ќе значи пропаст, дека ќе останат без работа итн. Видете, таму некаде кога министерот Данаиловски го презеде кормилото на институцијата министер, во почетокот на јуни ми се чини беше, констатиравме ситуација во ресорот здравство, која што благо речено беше, а да не бидам многу груб да речам анархија, но навистина постоеше една ситуација на не организираност. Наместо во една сиромашна држава како нашата рационално да се работело и секој денар да се планирал за неопходни здравствени услуги, најголем дел, лавовскиот дел, а ќе речам и сеуште е така, се трошеле на болничкиот дел од здравствената заштита. Во секоја земја, дури и во побогатите, а камо ли во сиромашна земја како нашата, таа пирамида на трошоци, така да ги претставам работите, треба да биде пирамида која ќе има широка основа, не да биде пирамида поставена на врвот. Имено основата на пирамидата ја претставува примарната здравствена заштита, она примарно ниво каде што граѓаните одат без упат, каде што, всушност, најголемиот дел од здравствените услуги треба да се обезбедуваат. Кај нас беше обратно и сеуште на некој начин е обратно. Пирамидата е наопаку свртена, врвот е долу, основата е горе, а горниот дел од таа пирамида и од таа геометриска слика или ако сакате тело е болничката здравствена заштита. Ние имавме ситуација изминатите години и сеуште делумно имаме, ако навистина не направиме некои радикални зафати, на нивото на болничката заштита да се обезбедуваат дури и услуги од примарната здравствена заштита, преврска на разни исекотини, минорни повреди и т.н. Тоа од една страна. Од друга страна ниту постоела, а фала богу се во тек на изготвување, но изгледа тоа си сака време, затоа што навистина долго време на такво нешто не се помислувало, не постоеле стандарди, затоа што Фондот за здравствено осигурување како институција која што ги прибира средствата од осигурениците и со тие средства ги плаќа услугите здравствени, значи ги исплаќа давателите на услугите, Фондот ниту имал, ниту сеуште има, тоа го тврдам, поим што плаќа. Фондот издвојува средства за плати и издвојува плати за материјални трошоци, од една страна и од друга страна заради непостоењето на таквите стандарди, стручни, се што ќе се обезбеди како здравствена услуга во болница и се што ќе се ординира како терапија, Фондот без поговор признава. Од тука тоа всушност е причината заради која што во изминатиот период практично се трупале долгови, заради што Фондот дојде до она дереџе до кое што дојде и во кое сеуште е, колку и да е релативно намален тој дефицит. Меѓутоа тоа не е ништо. Намалувањето на минусот, така да се изразам, на Фондот, при постоечки систем на функционирање, тоа е нешто што личи, како да речам, ако се најдете во некоја затворена просторија, во некоја подморница, па нема кислород, па ајде сега меѓусебно ќе се фаќаме за гуша за помалку кислород да трошиме, а системот е ист, подморницата е под вода. Треба да излезете на чист воздух. Како да го најдеме чистиот воздух? Чистиот воздух ќе го обезбедиме, чист кислород, само ако Фондот се успее да се реформира. Значи да почне да функционира навистина како Фонд за здравствено осигурување, кој нема да функционира како фирма, ниту ќе функционира како некакво туѓо тело во ткивото на здравствениот систем, туку навистина ќе се грижи за прибирање на средствата од осигурениците и исплата, како што реков пред малку, за сработеното кон давателите на услугите, добро ама со уште една додатна функција, додатна улога, контрола на тоа што се плаќа, стручна контролна функција и имање увид во структурата на здравствените услуги за кои се испратени фактури од давателите на услугите, Таква функција Фондот сеуште нема и морам да ви речам дека тоа не зависи од персоналните решенија во Фондот. Причината всушност навистина е објективна. Во ера во која што живееме на софистицирана информатичка опрема, во време кога навистина максимално се достапни овие прекрасни електронски помагала, што ги викаме компјутери, навистина е штета и морам да ви кажам во тек е, интензивно во тек, дизајнирање, воспоставување на информатички систем во рамките на Фондот. Велам штета е таков систем, глобален, интегрален информатички систем да не се воспостави прво во фондот, а потоа и во целото здравство, за да може да се обезбеди она што на Фондот во моментот му недостига како функција. Токму тогаш ќе

може да се има контрола над сите текови во здравството. Зошто го велам ова? Тоа го велам заради тоа што токму оснажнувањето, консолидирањето и изградувањето на Фонд за здравствено осигурување, кој ќе ги содржи сите елементи на еден современ Фонд, според светските критериуми и само таков Фонд откако ќе обезбедиме ќе можеме да сметаме, ова што е предложено во овој наш предлог за дополнување на Законот за здравствена заштита, дека само тогаш тие определби што ги нудиме би можеле да живеат како што треба. Зошто? Едната димензија ја кажав. Тоа е да може Фондот да врши, покрај онаа рутинска, финансиска контрола од сметководствен тип, да може да врши и стручна контрола на услугите што се пружаат од една страна, но исто така да може да функционира и на поинаков начин во врска со плаќањето, со моделот на плаќање на докторите. Значи невозможно е сето она што е во Предлогот дадено, во текстот, да функционира, ако не воспоставиме нов модел на плаќање. Не модел на плаќање со плати, туку модел кој ќе овозможи една поголема мотивираност на докторите да се дадат себеси при своето работење. Значи, околу тоа сигурно ќе биде донесен правилник за плаќање кој ќе се базира, а тоа сигурно ќе го разгледуваме и пошироко, ќе се базира на моделот на капитација, но не чист модел на капитација, туку додатно ќе бидат имплементирани и модел плаќање на услуга, модел на одредени иницијативи, стимуланси финансиски за превентивни дејности, за хронични заболувања и евентуално некои други содржини. Значи во секој случај комбиниран систем. Но, кој сегмент, во колкава пропорција ќе учествува во вкупната сума што еден иден доктор кој ќе ја практицира својата работа, кој колку ќе учествува, ќе зависи исклучиво од една исклучиво стручна математичко - статистичка анализа, која што ќе се базира на тоа со колкави средства располага Фондот, колкави средства се на располагање од Буџетот за превентивните дејности, од една страна, колкав е бројот на осигурениците и колкав е бројот на докторите, односно здравствените работници.

Сметаме дека токму заради тоа што овие предуслови, веројатно и некои не спомнав, не се до обезбедени, или барем не е спомнато дека треба да бидат обезбедени за да може да се имплементира она што е предложено во Предлогот за дополнување на Законот за здравствена заштита, токму тоа беше причината што на седницата на Комисијата за здравство јас предложив целата постапка да оди во две фази.

Значи сега да разговараме, па да се регистрираат одделните забелешки и во втората фаза предлагачот, значи Владата да излезе со пречистен текст и дури тогаш да расправаме за Предлог - законот. Мислам дека тоа ќе биде најоптимално во оваа ситуација, затоа што практично овие наши предлози претставуваат на некој начин прв суштински потег во контекстот на најавуваните реформи, како што кажа некој новинар од некои од електронските медиуми, доста беше од слатки зборови, треба да се помине на дела, ама и делата не би требало импровизирано да се спроведуваат.

Инаку што се однесува до оваа приватизација, тоа давање под закуп, тоа не е затоа што некој диктира такво нешто, тоа не е затоа што, да речам, сме под диктат на меѓународните, пред се, финансиски институции, иако има и такви елементи, еден од елементите е потребата да се редуцира јавната администрација. Има 24 илјади повеќе здравствени работници во Република Македонија и сметаме дека добар дел ќе се редуцира преку спроведувањето на определбите од ваквиот закон. Значи ќе видиме колкав дел од аптеките би бил продаден, дали државата има стратешки интерес некои од тие аптеки да ги продава, или да ги дава под закуп. Истото се однесува и на примарната здравствена заштита. Она што е нешто сосема друго, она што тука во овој предлог не е дадено, можам само да го најавам и е нешто хипотетично, во моментот, сигурно дека треба да размислиме, особено сега се обраќам на колегите од Комисијата за здравство, би можеле да размислиме за продолжување на ваквиот приод и во болничкиот дел. Зошто да не размислуваме, нормално исклучувајќи го Медицинскиот факултет и клиниките на Медицинскиот факултет, зошто да не размислуваме за евентуално приватизирање и на дел од болничките установи. Но, велам, ова е можеби нешто што не му беше место да биде речено во моментот, сосема е поводот инаков на ова мое излагање. Знаете што, со тоа и ќе завршам.

Ако обезбедиме докторите да можат конечно да доживеат да видат дека нивниот труд се вреднува со вистински здрав објективен систем на вредности, кој што е компатибилен со такви системи во светот, тогаш не само што со таквиот приод малку ќе и се приближиме на Европа, иако очигледно тоа е процес, не е туку така со одлука, со декрет, па влегуваме во Европа. Но, велам не само што докторите конечно ќе, а тоа на сите нас ни фали, јас знам со моите колеги секогаш кога сме дискутирале, знаете некој, е по лењ, по мрзлив, друг е по експедитивен, така да речам по темпераментен, некој

работи повеќе, некој помалку, некој има 20, некој има 50 пациенти, но сите иста плата земаат. Мислам дека конечно ќе успееме на ваков начин да обезбедиме една природна селекција меѓу докторите и не само меѓу докторите, меѓу сите други здравствени работници, ќе обезбедиме секој да заработи толку колку што навистина вреди, а тој што не го бидува ќе си биде на опашката.

Дали тоа ќе значи, тоа ќе значи природна селекција, но дали значи дека тие што ќе бидат на опашката ќе си одат дома или ќе отворат друг бизнис, или незнам што ќе прават или ќе бидат принудени, а и ова е еден битен елемент, или ќе бидат принудени да одат во потрага на својата егзистенција, да посакаат да работат во некој рурален предел на нашата земја.

**ДРАГАН ДАНАИЛОВСКИ:** (Продолжение)

Ние сме повеќе кон врвот во однос на бројот на лекари по глава на жител. Бившите социјалистички земји се далеку пред нас и имаме доволен број доктори, меѓутоа, дистрибуцијата е ужасно хетерогена. Постојат урбани предели каде што се прегусто дистрибуирани и други рурални кои што не се. Можеби ваквиот начин на селекција ќе направи една природна потреба некои наши колеги да почнат да добиваат желба да работат и во рурални средини, спонтано без декрети, без административни мерки.

Од една страна тоа, од друга страна ќе направи и пациентите, значи, не само лекарите да си го повратат своето достоинство и да знаат кој им е рангот, како се котираат во рамките на својата бранша, туку конечно и нашите граѓани да не бидат "стадо", несвесни суштества, кои се обични објекти во системот на здравствената заштита, туку да станат активни субјекти во системот на здравствената заштита.

Што значи тоа, затоа што сега ова звучи како фраза? Таков е случајот ми се чини со образованието и високото и средното и секакво, каде што учениците, студентите се третираат како обични објекти без право на глас, без ништо.

Во врска со пациентите, сите ние знаеме, да не се лажеме, со години наназад и сеуште е тоа така, пациентот влегува во ординација, нека ми простат колегите што навистина не се однесуваат така, меѓутоа голем дел од нив, особено од примарната заштита ниту добар ден не му проговоруваат на пациентот. А зошто е тоа така. Едноставно нема мотив човекот да се труди премногу околу пациентот, затоа што постои урамниловка, постои нешто што не го стимулира да се труди човекот. Ако со моделот на капитација, кој што би требало да биде доминантен модел во месечната заработувачка, ако докторот знае дека тие граѓани што го избрале него за доктор, дека може тие после некое време да го променат, да појдат кај некој друг, тогаш тој навистина од петни жили ќе се труди да направи љубезна физиономија и сладок збор да проговори, да го праша за здравје, и не само тоа, туку и да му појде на гости кај него, затоа што капитацијата е плаќање за одговорност, не за извршена работа. Одговорност за здравјето на граѓаните. Значи, тие доктори во примарната здравствена заштита, всушност ќе бидат упатени, ќе бидат мотивирани егзистенционално да станат, тоа честопати сум го говорел и по медиумите да станат додатен член на семејствата, на припадниците на стадото, не го кажувам ова во пежорготивен контекст, стадото чиј што се тие пастири, стадото за кое што имаат мисија да се грижат. Не реков да го лекуваат стадото, граѓаните, туку да се грижат за граѓаните. Така што низ разговорот, низа активно практицирање на својата работа, значи конечно да сфатат докторите во примарната здравствена заштита дека превентивната дејност им е основната мисија, а не да лекуваат. Знаете дека во агло - саксонската литература "но ту кју, б т кјер", "не да лекувате, туку да се грижите". Конечно, докторите ќе бидат заинтересирани да се грижат за своите граѓани, чии што се избраници. Зошто да се грижат. Можеби некои нема да биде лично заинтересиран, туку во тонус тоа да го прави, меѓутоа, колку повеќе се грижи во домовите на тие граѓани со разговор, а при тоа идентификувајќи евентуални скриени фактори со ризик за нивното здравје, толку ќе го намали бројот на пациенти во својата ординација, а вредноста на капитацијата ќе ја добие. Мислам дека ќе има бенефит и граѓанството, ќе има бенефит и популацијата здравствени работници.

Ќе се вратам на почетокот токму заради што мислам дека е потребно да се донесе правилникот за начинот на плаќање и токму заради тоа што токму сега, благодарејќи на одложувањето што Светската банка го направи за крајниот рок за донесување закон за здравствено осигурување во кој ќе бидат точно определени статусот и функциите на Фондот за здравствено осигурување, мислевме дека тоа ќе биде крајот на минатата година, меѓутоа, тоа е продолжено до 31 март и токму заради што следната недела во владина процедура би требало и тој закон да оди, сметаме дека е згодно овој наш ваков Предлог за дополнување на Законот за

здравствена заштита да биде уште малку расправан, разгледан, евентуално дополнет и во светлото на содржините на Законот за здравствено осигурување, каде што ќе биде решен Фондот, токму затоа, токму тоа беше причината што предлагаме, предложивме и сега предлагаме да биде законот донесен во две фази.

**ИЉЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на министерот за здравство Драган Данаиловски за овие објаснувања, за неопходната потреба за донесување на овој закон.

Процедурално за збор се јави Никола Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници. Бидејќи здравството за Демократска алтернатива претставува еден од столбовите на современо и квалитетно општество, а следејќи ги програмските определби на пратеничката група на ДА, барам пауза од 40-тина минути за да го погледаме стенограмот и евентуално да го изанализираме излагањето на министерот за здравство.

**ИЉЈАЗ ХАЛИМИ:**

Исто така процедурално за збор се јави пратеникот Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, му благодарам на министерот за исцрпното експозе, по повод Предлог законот за здравство, но воедно по неговото експозе кај мене и кај многу мои колеги од пратеничката група истиот отвори одредени теми и дилеми за размислување во врска со Предлогот на законот.

Со оглед на важноста на Предлогот на законот за здравствена заштита од аспект на оптималната организираност на здравството, на граѓаните, што е воедно и програмска цел на партијата ВМРО-ДПМНЕ, како и од гледна точка што овој закон директно ги допира интересите на сите граѓани во РМ, во здравствената сфера, барам во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да ни се подели стенограмот од експозето на министерот, по повод Предлог - законот и потоа пауза од 1 час за да можеме да заземеме ставови и да се подготвиме за одредена дискусија по овој Предлог на закон.

**ИЉЈАЗ ХАЛИМИ:**

Предлагам пауза од 1 час за да се умножи експозето и да се подели на пратениците.

(Пауза од 14,40 часот).

(Седницата продолжи со работа во 16,45 часот).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Поради немање на кворум ја прекинувам денешната седницата.

Продолжението на седницата ќе биде закажан дополнително.

(Седницата прекина со работа во 16,45 часот).